# Давор Тоциновски



**_ГЛЕДИШТЕ ОД МАРГИНИТЕ_**
**_Музеј на град Скопје - Графичко студио_**



“Ако делото е создадено, тоа не содржи во себе како изгледа, туку како би можело да изгледа”

Lawrence Weiner
(Лоренс Веинер)

"If a piece is built, it constitutes not how the piece looks but only how it could look"

-Lawrence Weiner

There is almost exclusiveness in relationship between reality and its copy, in the world where artistic practice and theory exist. Davor Tocinovski chose a trivial object (floor) and became interested in its modification and behaving of the theme through four different media. In every media, there is different intervention on the object. Davor wants to influent of the common situation of the object, which is passive, into more dynamic harmonize the intervention with the possibilities of the media.

Manifestation of the chosen object as a theme in four different media: canvas, video, photography, and object with work in progress, is close as possible with it original. Video and photography as digital media are presenting the picked motif, sculpture made from the same material as floor is factual with its existence, while canvas painted in realistic style is much close to the real situation as can be.



Performance as a media is constantly in Davor's previous artistic experience. Without being emphasis as before, he incorporates in the exhibition a fifth element.

He is building the object twice, on the opening and closing event, in front of the audience, offer in the same time demystification of the process of making art. At the same time, there is a whish for transforming the motif from dull to interesting with observation he made, on our every day interventions of the wooden floor.

Therefore, the motifs were hosen, for every media, from four different locations made by the same material.

Nada Pesheva

Во уметничката практика и теорија, скоро ексклузивно опстојува релацијата помеѓу реалното и неговата копија. Давор Тоциновски поаѓа со идејата дека случајно избраниот, навидум банален мотив, обработен преку четирите различни медиуми може да биде интересен како објект на уметничко дело токму преку различните интервенции на истиот. Тој се обидува да ја измести природната статичност и општост на земениот мотив - паркетот - како материјал за изградба на подови, согласувајќи ги интервенциите со можностите кои ги нуди секој медиум посебно.

Манифестацијата на прикажаниот предмет, поточно, мотивот во секој од понудените медиуми: сликано платно, фотографија, видео и објект со работа во прогрес, е најверна што може на манифестацијата на истиот предмет во реалноста од каде што е земен. Двата дигитални медиума доследно го предаваат уловениот момент, појавноста на објектот сама по себе е вистинита, додека хиперреалистичкото платно е најблиску до релноста според можностите што ги дава. Неможејќи да го избегне перформанот, овој пат не толку акцентиран како во неговите претходни настапи, Давор го додава и петтиот елемент.

Градењето на објектот пред публика се одвива на двапати, на денот на отворањето и на денот на затворањето на изложбата, внесувајќи тензија и простор за предвидувања за резултатот на целината. Тој се обидува да го демистифицира уметничкиот продукт понудувајќи и го на публиката чинот на неговото создавање, присутен во ¼ од поставката.

Се обидува често пати баналниот мотив да го трансформира во жив покажувајќи ја притоа неговата природа којашто трпи промени во секојдневната релација со човечките дејствија, што е најизразено во сегментот со видеото. Авторот се обидува да ги претстави четирите негови различни појавности од четири случајно избрани пункта/локации.

Нада Пешева

Давор Тоциновски е роден на 12 јуни 1976 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2001 година. Дипломиран ликовен педагог со сликарство во класата на проф. Рубенс Корубин. Постдипломец на групата за повеќемедијална уметност на Универзитетот за уметности во Белград.

Самостојни изложби:

1999, Скопје, Ликовна инсталација "Однапред иднина минато", коавторство со Мето Ангеловски,

2000, Скопје, Ликовен проект "Кога детето беше дете незнаеше дека е дете",

2001, Скопје, Ликовен проект "Реконструкција на кругот".

Селектирани групни изложби и колонии:

1996 и 1997, Велес, Друштво на ликовни и применети уметници,

1998, Ликовно колонија "Лесново 98",

1999, Ликовна колонија "Јелак 99",

1999, 4 Студентско интернационално биенале, Музеј на град Скопје,

2000, Ликовна графичка колонија, дрворез, Македонски Брод,

2000, Меѓународна ликовна колонија "Звук, движење и музика", Подгорица, Црна Гора,

2001, "Риал презент", Музеј во Белград,

2003, Фестивал Париз - Берлин, презентација во Париз,

2003, Млади уметници, Велико Трново, Бугарија,

2003, Фестивал Париз - Берлин, презентација во Берлин,

2003, Последната источноевропска изложба, Музеј на современа уметност, Белград,

2003, Меѓународен проект "Разликите обединуваат", Велес.



# Давор Тоциновски

Издава: ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ
За издавачот: Никола Глигоров
Организација: Нате Кецкаровска
Дизајн: Биљана Стевковска - Савиќ
Печати: Академски печат - Скопје
Тираж: 200

**ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ**